17.11.2018 год, сабота
ФОН универзитет
Предавална 505
Скопје

## Записник од Собранието на Сојузот на математичари на Македонија

Собранието на СММ го отвори претседателот на СММ проф. д-р Алекса Малчески и истото започна со работа во 12:15 часот. После уводните неколку збора проф. д-р Алекса Малчески почна со поднесување на Извештајот за неговата работа. На почетокот немаше никакви реакции, но по извесно време доц. д-р Петар Соколовски реагираше зошто прво не се усвојува дневниот ред, а потоа да се премине со работа по истиот. На ова за збор се јави проф. д-р Весна Манова Ераковиќ која предложи претседателот да го заврши својот извештај, а по истиот да се дискутира кога точката ќе дојде на дневен ред, што беше прифатено од присутните членови на СММ. При поднесувањето на извештајот за делот Наука и високо образование немаше никакви реакции. Додека проф. д-р Алекса Малчески зборуваше за списанијата Нумерус и Сигма и издадените книги, со прашање се јави доц. д-р Мирко Петрушевски, кој побара да се прочитаат аворите на дотогаш споменатите книги и запраша зошто Собранието е свикано на ФОН универзитетот, а натпреварите се одржувале на Машинскиот факултет, на Факултетот за електротехника и компјутерска техника и на ФОН универзитетот. Претседателот на СММ проф. д-р Алекса Малчески одговори дека тој го свикува Собранието кое мора да е јавно, а не е важно каде се одржува. Понатаму проф. д-р Алекса Малчески ги прочита авторите на предметните книги, но кога се обиде да ги прочита авторите и на останатите книги и брошури (над 20), беше оневозможен со негодување на неколку од присутните членови на СММ. На ова за збор се јави проф. д-р Ристо Малчески кој обраќајќи се на Собранието прокоментира дека некој сака да алудира на некаков монопол и злоупотреба. Притоа присутните ги потсети дека во мандатниот период на проф. д-р Весна Манова Ераковиќ, на лично барање на д-р Манова Ераковиќ за наградување на учениците биле отпечатени три книги на кои автори се повеќе членови на СММ, но неговото име се наоѓа на секоја од овие книги и за истите е исплатен авторски хонорар и надомест за техничко уредување во висина од 30000 денари збирно. Информирајќи го собранието дека за другите четири книги не е исплатен никаков надоместок, проф. д-р Ристо Малчески запраша каков е тој монопол и која е злоупотребата на човек кој поклонил 7 книги во СММ (вкупно околу 1800 страници) за кои е исплатен надоместок од цели 30000 денари, а било која издавачка куќа за ова издвојува околу 1000000 денари. По ова немаше никакви коментари за овој дел од извештајот. Во делот на извештајот кој се однесува на натпреварите Претседателот на СММ меѓу другото прокоментира дека само во 2017 година се освоени 45 медали, што е повеќе од освоените медали во двата мандати на проф. д-р Весна Манова Ераковиќ. На ова реагираше проф. д-р Весна Манова Ераковиќ која забележа дека податоците се неспоредливи, бидејќи кога таа била претседател имало само три меѓународни натпревари годишно со ограничен број учесници од Република Македонија, а во 2017 година имало седум меѓународни натпревари со поголем број учесници од нашата земја. Натамошна дискусија по овој дел од извештајот немаше. Во делот од извештајот кој се однесуваше на финансиите проф. д-р Алекса Малчески изнесе некои податоци за висината на исплатени хонорари

на д-р Петар Соколовски, д-р Весна Манова Ераковиќ и д-р Алекса Малчески. На ова реагираше д-р Весна Манова Ераковиќ, а д-р Петар Соколовски обвини за ненаменско трошење на близу 100000 евра. Од проф. д-р Алекса Малчески беше побарано детално да се разгледаат завршните сметки на СММ за 2016 и 2017 година, кои се јавно објавени на страната на СММ и да се разгледа структурата на приходите и расходите, што од проф. д-р Весна Манова Ераковиќ и доц. д-р Петар Соколовски беше одбиено со образложение дека тоа сега не е можно. Во овој дел од своето обраќање проф. д-р Весна Манова Ераковиќ го спомена и здружението Армаганка, но нагласи дека за тоа посебно ќе говори кога ќе се дискутира по извештајот на Претседателот. На ова претседателот на СММ забележа дека не разбира како тоа се бара извештај, а кога се предлага целосно разгледување на завршните сметки, тоа се одбива без образложение, За делот на извештајот кој се однесува на меѓународните активности немаше посебни коментари освен за конгресот на ISAC-конгресот во 2019 годниа, за што меѓусебно коментираа проф. д-р Алекса Малчески и проф. д-р Весна Манова Ераковиќ, но никој друг не се вклучи во нивната меѓусебна дискусија. При поднесувањето на извештајот за работата на СММ, во еден момент се јави за збор проф. д-р Никита Шекутковски, кој предложи Собранието да се смета како Годишно собрание на кое нема да се избираат телата на СММ, а потоа да се свика собрание на кое ќе има повеќе присутни и за тоа да се ангажираат кандидатите за претседател. Ова не беше прифатено, па потоа се премина на усвојување на дневниот ред.

Претседателот на СММ проф. д-р Алекса Малчески го предложи дневниот ред кој беше објавен на страната на СММ. За збор се јави доц. д-р Петар Соколовски кој предложи прва или втора точка од дневниот ред да биде усвојување на оставката на претседателот на СММ. На ова за збор се јави проф. д-р Ристо Малчески кој напомена дека тоа може да биде петта или шеста точка, бидејќи логично е прво да се изберат записничар, оверувачи на записникот, верификациона комисија и да се разгледа извештајот за претседателот на СММ, а потоа да се узвои неговата оставка. Проф. д-р Весна Манова Ераковиќ го повтори предлогот на проф. д-р Никита Шекутковски, на што проф. д-р Ристо Малчески даде забелешка дека Собранието е свикано и логично е предлогот на проф. Шекутковски да се разгледува во рамките на постапката за избор на Претседател на СММ по што се пристапи кон утврдување на дневниот ред. Ваквиот предлог беше ставен на гласање и од 103 присутни членови на СММ за усвојување на следниот дневен ред гласаа 55 членови, против беа 4 и воздржани беа 2:

1. Избор на претседавач на Собранието и избор на два члена на работно претседателство на СОбранието.
2. Избор на записничар и двајца оверувачи на записникот
3. Избор на верификациона комисија на членовите на Собранието
4. Извештај на Претседателот на СММ и разгледување на истиот
5. Разгледување на оставката на Претседателот на СММ
6. Промена на Статутот на СММ
7. Избор на Претседател на СММ
8. Избор на Управен одбор на СММ
9. Избор на Надзорен одбор на СММ
10. Разно

**Кон точка 1.** Прв се хави д-р Зенафер Бајмак кој за претседавач на собранието ја предложи проф. д-р Марија Оровчанец. Истата одби да претседава со Собранието, по што беше даден предлог во работното претседателство на Собранието да влезат поранешните претседатели на СММ проф. д-р Весна Манова Ераковиќ и проф. д-р Ристо Малчески и уште еден член. Проф. д-р Весна Манова Ераковиќ одби да биде член на работното претседателство, по што за истото беа предложени проф. д-р Ристо Малчески, Трајче Георгиевски и Ице Јошевски. Предлогот беше ставен на гласање и работното претседателство беше избрано со мнозинство гласови, по што истото се договори со Собранието да претседава проф. д-р Ристо Малчески

**Кон точка 2.** За записничар на Собранието беше предложена Ана Наумовска, а за оверувачи на записникот беа предложени д-р Томи Димовски и доц. д-р Мартин Лукаревски. Предлогот беше усвоен со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

**Кон точка 3.** Предлогот за избор на верифакиона комисија на членовите на Собранието во состава д-р Слаѓана Брсаковска и Христијан Најдовски беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со мнозинство гласови од присутните членови на СММ.

По изборот на верификационата комисија за збор се јави доц. д-р Петар Соколовски кој постави прашање кои се членови на Собранието, бидејќи ако тоа не се знае, тогаш не можеме да продолжиме со работа. Збор зеде д-р Зенафер Бајмак кој постави прашање кој ќе има право на глас. Проф. д-р Ристо Малчески предложи собранието да продолжи со работа со тоа што сите присутни членови на СММ ќе се потпишат на списокот на верификационата комисија и сите ќе имаат право на глас. Предлогот беше ставен на гласање и истиот со мнозинство гласови беше прифатен.

Проф. д-р Весна Манова Ераковиќ зеде збор и повтори дека ја поддржува идејата на проф. д-р Никита Шекутковски за Собранието да заврши и да се организира ново Собрание на кое сите кандидати ќе се претставаат пред математичарите, а истот ќе се свика со тоа што ќе се известат училиштата. На ова проф. д-р. Ристо Малчески нагласи дека Собранието било свикано јавно, со објава на сајтот на Сојузот и секој што чувствувал потреба можел да дојде. Исто така нагласи дека овој предлог ќе го стави на разгледување во точка седум, но притоа треба да се има предвид дека недопустливо е во свикување на било какво собрание да се инволвираат училиштата, бидејќи СММ е здружение на граѓани, т.е. невладина организација во чија работа, освен во делот на натпреварите за кои државата дава акредитација, државните институции и органи не смее да се инволвираат.

Доц. д-р Петар Соколовски сам зеде збор и од само нему познати причини упати повик до присутните членови на СММ да не се потпишуваат на списокот на верификационата комисија, по што тој, проф. д-р Никита Шекутковски, проф. д-р Весна Манова Ераковиќ, проф. д-р Марија Оровчанец заедно со група членови на СММ ја напуштија салата во која се одржуваше Собранието, а останатите членови се потпишаа на списокот и истиот е составен дел на овој записник. По неколку минути 2 члена на СММ кои се потпишаа на списокот откако излегоа надвор од салата се вратија и побараа да бидат прецртани од списокот. Претседавачот на Собранието тоа не го дозволи, со коментар дали пак ако го променат мислењето ќе се потпишуваат и во недоглед ќе правиме пиши бриши.

**Кон точка 4.** Беше отворена расправа за извештајот на Претседателот на СММ, кој веќе беше разгледуван на почетокот на Собранието. За збор не се јави никој и извештајот беше ставен на гласање. Од 69 присутни во салата во моментот на гласање Извештајот се усвои со 67 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Кон точка 5.** Проф. д-р Ристо Малчески образложи дека доколку се усвои оставката на претседателот проф. д-р Алекса Малчески, а не се избере нов претседател на СММ, проф. д-р Алекса Малчески согласно Законот е должен да го администрира работењето на СММ и да го претставува СММ се до свикување на ново вонредно собрание и избор на претседател на СММ. За збор не се јави никој, и оставката на проф. д-р Алекса Малчески беше усвоена 69 гласа ЗА.

**Кон точка 6.** Проф. д-р Алекса Малчески побара да се промени статутот на СММ во член 1 во кој треба да стои дека членови на сојузот се наставниците во основното, средното и високото образование. Тој нагласи дека причина за ваквата промена е акредитацијата на СММ за организирање на натпреварите по математика и дека тоа е побарано од надлежните државни органи кои јаа даваат акредитацијата. Имено, согласно правилникот за акредитација на здруженија за организирање на натпреварите се акредитираат здруженија на наставници, па затоа се бара истите експлицитно да бидат наведени како членови на СММ. Ваквата промена на Статутот на СММ беше ставена на гласање и истата беше едногласно усвоена.

**Кон точка 7.** На почетокот проф. д-р. Ристо Малчески постави прашање како треба да се изврши изборот на претседател на СММ. За збор се јави проф. д-р Алекса Малчески кој појасни дека доколку има повеќе од два кандидата изборот се врши со тајно гласање, а ако има само еден кандидат изборот се врши со јавно гласање.

Пред да се премине кон предлагање на кандидати за претседател на СММ во салата се појави доц. д-р Петар Соколовски, кој со уште две лица од врата почна да ги пребројува присутните членови во салата. На ова претседавачот го замоли или да влезе и да учествува во работата на Собранието или истото да го остави да работи по усвоениот дневен ред, по што Соколовски и другите две лица ја напуштија салата.

За кандидат на Претседател на СММ беше предложен само м-р Златко Петковски. По дадениот предлог, но и по предлогот на роф. Д-р Никита Шекутковски се отвори расправа. М-р Златко Петковски образложи дека веќе подолго време доц. д-р Петар Соколовски се промовира, но тој го напушти Собранието, па затоа тој не сака во оваа ситуација да се врши избор на претседател на СММ, туку повеќе би сакал изборот да се изврши со дебата кој што и колку направил изминатиот период во СММ и што ќе прави во иднина ако биде избран за претседател на СММ. Понатаму, во расправата учествуваа неколку членови на СММ, по што претседавачот на Собранието го стави предлогот за одлагање на изборот на претседател на СММ на гласање. Со мнозинство гласови предлогот беше усвоен и се одлучи да се свика вонредно собрание на кое ќе се избере Претседател на СММ, Управен одбор и Надзорен одбор.

**Кон точките 8 и 9.** Точките 8 и 9 не беа разгледувани. Претседавачот на Собранието проф. д-р Ристо Малчески завзеде став дека не е логично да се врши избор на Управен и Надзоред одбор, кога веќе не е избран Претседател на СММ, но во случајот не е сигурен кој сега може да го свика вонредното собрание, бидејќи логично е со усвоената оставка на претседателот на СММ истото да важи и за

Управниот и Надзорниот одбор, па останува само можноста вонредното собрание да го свикаат најмалку 30 членови кои се наоѓаат во списокот на присутни кој список е составен дел на овој записник. По ова едногласно беше донесена одлука да не се врши избор на Управен и Надзорен одбор.

**Кон точката 10.** Немаше никаква дискусија.
Собранието заврши во 16:00 часот.

*Записничар*

Ана Наумовска

*Оверувачи на записникот*

Доц. д-р Мартин Лукаревски

Асс. д-р Томи Димовски

*Претседавач ан Собранието*

Проф. д-р Ристо Малчески